# GLOBALIZATION AND TERRORISM

**Ali Hajro**
Ministry of defence, Army of the Republic of North Macedonia, Military Academy " gen. Mihailo Apostolski", Skopje, N. Macedonia, alihajro@hotmail.com

**Abstract:** Globalization and terrorism from a relative point of view are strongly related to each other, terrorism uses the opportunity to pass through a small door to perform its ideologies i.e. to achieve its goals.
While opponents of globalization equalize it with the destruction of societies and the human environment, they see these factors as negative through many prisms.
If the development of these alternatives is not taken into account as part of the action a humane society, development of the economy, the benefits deriving from globalization, the fast diplomatic-political habits, especially by the leading countries of world capital, from establishing a balance in the world reproductive system, we have to face the destruction of the globalization era but it will never stop it will move with even bigger steps, it may slow down at certain moments but society will not allow it to stop.
Globalization has positive and negative benefits such as the threat of terrorism, organized crime, etc., but cooperation between countries and especially the case of the European Union can contribute to some extent to economic stability and sustainability.
The negative consequences of globalization are poverty, the concentration of economic power in tight confines, violence, terrorism, interfaith diversity, all of which are before our eyes and encourage us to think seriously about the process of globalization, which should not be less from the present, but the more globalization that will be better for the good of society.
The difference between globalization and terrorism should also be understood as a cultural field that should compete with each other, even though the institutions of the states always have the advantage if they direct it in the right direction.
**Keywords:** leader, leadership, characteristics, qualities, techniques.

# ГЛОБАЛИЗАЦИЈА И ТЕРОРИЗАМ

**Али Хајро**
Министерство за одбрана, Армија на Република Северна Македонија, , Воена академија "ген. Михаило Апостолски", Скопје, С. Македонија, alihajro@hotmail.com

**Резиме:** Глобализација и тероризмот од релативен поглед тие се тесно поврзани едно со другото, тероризмот ја искористува можноста да се протне низ мала врата за да ги изврши своите идеологии односно да ги постигне своите цели.
Додека противниците на глобализацијата ја изедначуваат со уништување на општествата и човековата околина тие ги гледаат овие фактори како негативно низ многу призми. Доколку развој на тие алтернативи не се земат во предвид како дел од акцијата за хумано општество, развојот на економијата, бенефициите кои ги носи со себе глобализацијата, брзите дипломатски – политички односи, особено од страна на водечките земји на светскиот капитал, од утврдување на рамнотежа во светскиот репродукциски систем, мораме да се соочиме со уништување на глобализациската ера но тоа никогаш нема да застане таа ќе се движи и со уште поголеми чекори можно во одредени моменти да се успори но општеството нема да дозволи да застане.
Глобализацијата има позитивни и негативни придобивки како што се закана од тероризам, организиран криминал итн., но соработка меѓу државите и особено случајот со Европската унија може да придонесе донекаде до стабилноста и одржливоста економски.
Негативните последици на глобализацијата е сиромаштијата, концентрацијата на економската моќ во тесни затворени кругови, насилствата, тероризмот, различностите меѓу религиите, на сите нам ни се пред очи и не поттикнуваат сериозно да размислуваме за процесот на глобализацијата, која сепак не би требало да биде помалку од сегашнава, туку што повеќе глобализацијата која ќе биде подобра за доброто на општеството.
Разликата помеѓу глобализацијата и тероризмот треба да се сфати и како едно културно поле кое треба да се натпреваруваат едното со другото иако институциите на државите секогаш имаат предност ако сето тоа го насочуваат во правилен правец.
**Клучни зборови:** глобализација, тероризам, лидерство, политика, економија.

## 1. ВОВЕД

Живееме во време на големи политички, национални, економски, културни и други процеси со различни погледи за решавање на прашањата кои се од судбинско значење за иднината на човештвото пред се од политички, економски и социјален аспект.

Меѓу зависноста на внатрешните и надворешните противречности, посебно појавите на внатрешни и надворешни системски фактори кои ќе доведат до изолирање на некои конфликти, укажуваат дека современиот свет се наоѓа во општествена политичка и безбедносна нестабилност.

Таквите притисоци, напнатоста, сложеноста на безбедносните проблеми и деструктивните движења ќе бидат следбеници во процесите на глобализацијата, чија основна карактеристика треба да биде отсуство на сите облици на насилство и доминација без разлика од кој дел на светот тоа доаѓа но самите држави треба да изградат таков одбранбен механизам за да можат да ги предвидат тие закани.

Глобализацијата пред, во моментот и во иднина ќе се дефинира со приоритети кои во иднина ќе носат бројни предизвици кои не е возможно да се контролираат од сите аспекти, што ќе доведе до различни кризи и загрозувања на личната безбедност на граѓаните, стабилноста на државата и нејзините системи за безбедност.

## 2. ГЛОБАЛИЗАЦИЈА И ТЕРОРИЗАМ

Ставот што е изграден на меѓународно ниво е дека глобализацијата како процес од секогаш се појавувала во некоја многу минимална мера, но дека, до пред средината на овој милениум, таа претставувала само обид за унификација на светот. Така што, многу теоретичари процесот на глобализација го дефинираат со модернизацијата на технологијата која ни го менува животот секој дневно. Глобализацијата во денешен ден претставува глобален систем, кон кој повеќето демократски општества даваат свој придонес за неговиот брз и перманентен развој но исто така даваат и за тероризмот, иако тероризмот може да го опишеме и како идеологија кон некоја цел.

Водечката улога на глобализацијата ја имаат западните и источни држави иако не треба да се занемаруваат и од останатите моќни држави, сепак американското општество како најсилната демократија во светот која ги исполнува основните услови за лидерското место во процесот на глобализација и воедно лидерското место во процесот на разбивање на тероризмот, а со тоа формирајќи една видлива агресивна константна доминирачка улога во тој процес низ целиот свет. Ако го видиме терминот глобализација и тероризам, содржината што најдобро ја изразува ерата која заврши и онаа што почна со 21 век ќе видиме дека постојат неколку можно сложни системски влијанија кои не можат точно да ја пропишат таа дефиниција. Глобализацијата, или порастот на масивната меѓузависност, не е ништо друго освен продолжување на една долготрајна тенденција за освојување на крајната цел, односно надмоќност кон останатите. Нејзината причина ја пронаоѓаме во логиката и потребата на човекот да дејствува, да го менува светот, да ја запознава природата дали тоа ќе биде насилно преку "терор" или "демократија".

Глобализацијата и тероризмот привлече големо внимание кај истражувачите во економските, политичките, социјалните и безбедносните науки. Сепак, со сигурност може да се каже дека најзначајните промени кои ја одбележуваат глобализацијата и тероризмот се случуваат во технологијата и економијата од една страна како позитивно но од друга страна како негативно.

Со развојот на информатичката особено интернетот и комуникациската технологија се отворија широки можности за надминување на државните граници и создавање на една глобална економија, односно се повеќе се афирмираше идејата за "свет без граници". Сепак, таквите глобални промени и тенденции на современото општество беа проследени и со бројни слабости, односно генерираа специфични социјални проблеми, кои наметнаа нови содржини и техники на решавање, но и потреба од нови режими на социјална заштита каде глобалниот тероризам зема уште повеќе замав во различни облици со кои ние речиси секојдневно се соочуваме односно ги препознаваме новите закани.

Глобализацијата и тероризмот претставува мултидимензионален свет кој се појавува интензивно во периодот на 20 век кој многу брзо се развива и е распространета насекаде ( Лондон, Мадрид, Мумбаи.....) но често пати тоа појавување може да го видиме односно да ни биде пласирано како некоја идеологија не гледајќи ја сржта на проблемот односно интересот од поширок размер.

Глобализацијата претставува директна последица на ширењето на западот и истокот, односно би рекол наметнување на демократските либерални држави или економски низ планетата преку континуирано убедување на неразвиените држави, подрачја, предели на целата Земјина топка особено би рекол нешколуваниот дел каде премногу влијаат односно манипулираат со верата но истото е превртено, претежно во последната деценија влијае во делот на неразвиените држави (војната во Авганистан, Ирак, Сирија, Арапската пролет.....)

После 11 септември глобалниот тероризам стана главна тема во контекст на сигурноста и мирот во светот. Се зголеми контролата на граничните премини односно секој што патува со авион е свесен дека обезбедувањето на аеродромите е многу побројно и посилно каде треба да бидеме свесни дека ова е само резултат од глобалниот тероризам (како негативно влијание на глобализацијата). Американците почувствуваа дека сето тоа што го градеа со години им се сруши за еден ден, Претседателот Буш им вети на Американците „терористите можат да ги разнишаат зградите на Соединетите Американски Држави, но не можат да ги разнишаат основните темели на Соединетите Американски Држави ".

Нападот на кулите близначки и Пентагон се дешифрираше како симболична порака на потценување на "супер силата на светот". За Америка ова беше поттик да отпочне борба против глобалниот тероризам, која трае веќе две децении.

Овие два феномена се тесно поврзани помеѓу себе но воедно и толку се различни по природата. Како најголемо влијание има тероризмот на глобализацијата ги искористува големите благодети кои ги има глобализацијата.

Но се поставува прашањето кој го поттикнува глобалниот тероризам ?

И од тука произлегува наметнувањето на демократско либералните системи и економските влијанија, сакајќи да ги сменат навиките, традициите, културата, наметнувајќи нови обичаи но не гледајќи ги условите во кои живеат односно не почитувајќи ги нивните идеи, цели и во сето тоа глобализацијата премногу влијае на тероризмот.

Глобализацијата и тероризмот се многу сложен процес кои во зависност од кои аспект се гледа понекогаш сето тоа е премногу далеку едно од другото но некогаш се толку вешто преплетени што не можеме да видиме од кај почнува и нејзините крајни резултати ќе зависат од борбата на политичките, економските и социјалните сили (интереси) како во национални така и во меѓународни рамки.

Глобализацијата и тероризмот се и своевиден мит[65]. Тие се мит за униформизацијата, укинување на идентитетите, уништување на послабите. Глобалниот тероризам претставува долготраен процес кој не е оддалечен туку присуствува во сите аспекти на нашите животи .

Последиците од глобализацијата и тероризмот се согледуваат преку надминувањето на постоечките граници помеѓу државите, опаѓање на суверенитетот на државата - нација и создавање на глобални и над национални асоцијации кои ги превземаат регулативните и другите функции во светската заедница и економија која во последно време може да е и посилно од други закани, иако политичките закани секогаш се на прво место.

Глобализацијата и тероризмот наметнаа и политичкото насилство што обележа еден значаен период во изминатиот век и ќе претставува значајна одредница и во првите декади на новиот век, може да се види денеска и случувањата од корона вирусот односно кои се заканите од брзата глобализација. Забележлива форма на овој вид насилство во овој период ќе биде и зачестеното практицирање на тероризмот во различни облици, а до тоа придонесува и универзалната и полесна достапност до сите видови оружја, експлозиви, нуклеарни, биолошки, средства за активирање, во голема мера ги зголемува можностите и способностите на терористите. Намалената безбедна способност на државите, зголемувањето на емигрантите кои гравитираат низ неколку рути низ светот (лесен начин на инфилтрација како емигрант), нивните државни граници, претставуваат современи трендови кои што им ја олеснуваат работата и непреченото движење на терористите и на нивните симпатизери.

Денес идеологистите односно терористите можат да се движат насекаде во светот многу и порелаксирано бидејќи шансите да бидат фатени се речиси минимални но сето тоа благодарејќи на глобализацијата. Не преземањето соодветни мерки и од институциите од државите кои имаат нефункционални институции односно политизирани иако имаат можност со следењето на парите да дојдат до нив. Исто така е значајно да се потенцира дека глобалниот тероризам во иднина ќе вклучува се повисоко ниво на насилство. Ако се земе во предвид нивниот начин каде технологијата им помага за нивно инфилтрирање во секоја пора на човештвото се потврдува фактот дека терористите ја искористуваат секоја можност за уништување на разни установи и зголемување на бројот на жртвите.

Ако е меѓусебна зависност и ако глобализацијата помогне на глобалниот тероризам дали тоа значи дека немаме друг избор, туку треба да живееме со глобалниот тероризам ?

Овој сложен и злобен развој на тероризмот во голема мера треба да претставува сериозно предупредување на современите држави но воедно и размена на информации со сите актери односно држави, што неминовно, треба да се подготвуваат за сите предизвици што ќе ги продуцира ова зло на иднината.

Тероризмот во иднина или иднината на глобалниот тероризам за современите влади односно за државите треба да преставува значаен патоказ во која насока ќе треба да ја организираат борбата против тероризмот

[65] Роберт Џ. Бункер, Не-државни закани и идни војни, стр.122.

или сето тоа ќе им биде уште едно алиби на либерално - демократските држави да ги наречат одредени држави подржувачи на тероризмот.

## 3. ЗАКЛУЧОК

Глобализацијата и тероризмот како феномен кој прерасна во реалност се вовлекува во сите сфери на нашето живеење, па затоа многу нејзини аналитичари ги потенцираат позитивните придобивки кои ги има глобализацијата и негативностите на глобализацијата и тероризмот што таа ги предизвикува. Мора да се признае дека малку теми го поларизираа светското мислење така што тоа го направи глобализацијата да чекори со џиновски чекори.

Националните култури и идентитети ги сметаат за загрозени, благодарејќи на ширењето на интернетот, социјалните мрежи, сателитската телевизија, меѓународните телевизиски мрежи, глобалната употреба на нивните идеолошки односно нивните интереси како доминантен во создавањето на популарна култура која е од неколку центри од светот.

Глобализацијата едни ја сметаат за пат кон иднината што ќе донесе невиден просперитет секому и насекаде но недогледувајќи ги и негативностите кои ги носи, други во жестоки протести низ улиците ја обвинуваат дека е извор на нерешливи проблеми. Но сето тоа со јаки државни институции и размена на информации до најниско ниво помеѓу државите може да донесе солидни резултати. Критичарите сметаат дека развиените земји добиваат профит на сметка на неразвиените и не инвестираат доволно во службите за да можат благовремено да го спречат. Само со добро систематско организирање на институциите во сите нивоа политички, дипломатски, економски, социјални можат да придонесат да се избегнуваат ризиците и воедно да ги искористиме благодетите кои ги дава глобализацијата.

Наспроти научниот и технолошки напредок јакнењето на демократските сили и движења, рушењето на тоталитарните режими во светот, јакнењето на меѓународните економски и политичка меѓузависност, не успеа во значителна мерка да се смали проблемот на сиромаштија во светот. Застапниците на глобализацијата тврдат дека процесот овозможува слобода и општа благосостојба. Но, нема сомневање дека јазот меѓу богатите и сиромашните е многу голем и дека после индустриската револуција, не еднаквоста порасна на светско ниво.

**ЛИТЕРАТУРА**

Бункер, Р.Џ. (2009). *Не-државни закани и идни војни*, Нампрес.
Конард, Ѓ. (1992). *Антиполитички предизвик*- Култура, Скопје.
Clayton, R., & Tomlinson, H. (2002). *Privacy and Freedom of Expression*, Oxford University Press.
Cole, G.A. (1993). *Personnel Management: Theory and Practice*, London.
Heywood, A. (2014). *Global Politics*, Palgrave Foundations Series, London
Rich, N. (1992). *Great Power diplomacy*, New York.
Ryan, A. (2013). *On Politics*, Penguin, Burlington.
Trencsenyi, B., & Janowski, M. (2016). *A History of Modern Political Thought in East Central Europe*- Volume I: Negotiating Modernity in the 'Long Nineteenth Century.